РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА
ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
Број 15 - 170/6
Датум 12.07.2011 год
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09 и 115/10), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на 1. седница одржана на 29.06.2011 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**со кое се акредитира Елаборатот за усогласување на студиските програми по Финансиски менаџмент, менаџмент и маркетинг на вториот циклус студии (4+1) на Факултетот за економски науки при Европскиот универзитет – Република Македонија во Скопје**

1. Се акредитираат усогласените студиски програми по **финансиски менаџмент, менаџмент и маркетинг од вториот циклус** на Факултетот за економски науки на Европскиот универзитет Република Македонија во Скопје, согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Акредитацијата од точка 1 на ова решение се дава за студиска програма за втор циклус на универзитетски студии на Факултетот за економски науки, во траење од една година (два семестри).

3. По завршените студии на вториот циклус, студентот се стекнува со назив: **Магистер по економски науки со додавка: финансиски менаџмент, Магистер по економски науки, менаџмент и Магистер по економски науки, маркетинг,** научно истражувачко подрачје: економски науки, научно истражувачко поле: организациони науки, научни области: финансиски менаџмент, менаџмент и маркетинг.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Европскиот универзитетот Република Македонија во Скопје, по претходно донесената одлука на Наставно научниот совет за давање согласност за усогласување на втор циклус на академски студии, како и Одлуката за усвојување на студиските програми од Сенатот на Евроскиот унивезитетот, поднесе Елаборат за акредитација на студиска програма бр.15-170/1 од 23.12.2010 година до Одборот за акредитација на високото образование за прифаќање и акредитација на усогласените студиски програми од вториот циклус на Факултетот за економски науки.

Одборот за акредитација на својата 34 седница одржана на 27.01.2011 година формира експертска комисија и на 1. седница одржана на 29.06.2011 година, врз основа доставениот елаборат и извештајот на експертската комисија одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОДБОРОТ**
**ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА**
**НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ,**
**Проф. Михаил Петковски**